**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**DENTAL CHAMBER OF MACEDONIA**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-1397/8
19.12.2018 година

# ЗАПИСНИК

од 4-та седница на Извршен одбор на Стоматолошката комора на Македонија, одржана на ден 17.10.2018 година во просториите на СКМ

На седницата присуствуваа сите членови на Извршен одбор ,освен оправдано отсутниот д-р Фисник Касапи, кој навремено го јави и оправда своето отсуство поради работни обврски во Шпанија, а присуствуваше и претседателот на Надзорен одбор на СКМ, д-р Ѓорѓи Топузоски.

Седницата ја отвори претседателот на Извршен одбор на СКМ д-р Мирлинд Селими, кој истакна дека седницата започна во 13.37 ч и го прочита предлог дневниот ред и го стави на гласање, со што едногласно се усвои.

По усвојувањеето на дневниот ред, збор зема Д-р Гагалевски кој кажа дека и на минатата седница на Извршен одбор кажал и сега на оваа повторно смета дека е потребно пред нив за секоја точка од дневниот ред да имаат материјали за седницата, на што се надоврза претседателот на ИО д-р Мирлинд Селими кој кажа дека на емаил имаат сите членови се што е планирано за седницата, додека пак збор зема и д-р Кенан Ферати кој смета дека за седници особено од ваков карактер сепак е неопходно пред секој да стојат материјалите планирани за седницата

На ова, се надоврза и претседателот на СКМ, д-р Маријан Денковски кој потврди дека сите материјали навремено се праќаат на емаил адресите на членовите на ИО и тоа 7 (седум) дена претходно за да можат сите убаво да ги видат, стават забелешки по однос на истото и да достават до службата и да може за иститие и да се дикутира на самите седници , а конкретно на оваа седница, под точка 2 се Деловници и Правилници, кои вкупно се 12 и нивниото принтање реално е материјал од многу страници. Исто така д-р Денковски истакна дека е во план во иднина ако се добие донацијата која што се побарана, за секој член на ИО на СКМ да се обезбеди лап топ, на кој би имало и материјали и се што е потребно за дискусија на седниците.

По однос на првата точка од дневниот ред, Усвојување на записникот од претходната седница, д-р Борче Стојанов истакна дека е за, и дека и сугерирал на Јасминка од стручна служба да неговата дискусија од претходната седница ја стави во записникот бидејќи ја немаше и тоа се направи.

По однос на втората точка од дневниот ред, Разгледување и усвојувањее на предлог Правилници и Деловници за работа на Комисиите на Стоматолошката комора на Македонија, збор зема претседателот на СКМ д-р Денковски кој по однос на оваа точка објасни дека првите два Правилника кои се ставени на дневен ред се нови, не постоеле досега како акти на СКМ и за двата Правилника се носат по предлог на статутарна комисија и кои секако имаат оправдание зошто се предлагаат.

Во однос на првиот Правилник за управување со фондот за взаемна помош, се знае дека досега немало ни Комисија формирана во однос на тоа, а сега веќе има и Комисија за управување со фонд за ваемна помош, има и Одлука на Собрание за формирање на наменска сметка, а сега веќе со изготвување на овој Правилник и Деловник, Комисијата ќе може да профункционира и да започне со својата работа.

Што се однесува на Правилникот за утврдување на повреди на Стаутот на Стоматолошката комора на Македонија и други акти на Комората, истиот да се изготви од Комисија за статутарни и правни прашања и е на предлог и по мислење на правниците, бидејќи е факт е дека треба да има орган надлежен за постапките, утврдување на процедури при тие постапки при евентуални повреди на Статут на други акти на СКМ, што сепак и припаѓа на Комисијата за стаутутарни и правни прашања, а не како досега на НО на СКМ.

Всушност во понатамошната дискусија се појасни дека Комисијата за статутарни и правни прашања и ги изготви и анализираше сите деловници и правилници заедно со правникот од Стоматолошката комора на Македонија и адвокатската канцеларија со која соработува комората.

По однос на ова, збор зема Ана Бошковиќ, правник во Комората , која даде мал вовед во однос на анализата и обработката на овие акти. Првично во однос на Правилниците, правничката кажа дека при обработката на сите акти на седниците кои ги имаше заедно со Комисијата за статутарни и правни прашања, заеднички заклучок беше дека треба да постојат Правилник за фондот за взаемна помош и Правилни за утврдување на повреди на Статут и други акти затоа што тоа се всушност постапки, односно постапката не може да биде дел од Деловник, затоа што деловници го карактеризираат начинот на работата на Комисиите, а Правилниците се однесуваат на постапката и имаат поголема правна сила. И самата Комисијата за статутарни и правни прашања имаше едногласен став на нивната седница дека е потребно да имаат и Правилник за работа бидејќи утврдување на било какви повреди на Стаутот на Комората или било кој акт е постапка во која точно треба да се утврди состојбата, начинот како се поднесуваат документи, барања, како се одвива процедурата и тн. Со ова се оправда потребатата за овие два Правилника, додека за останатите Комисии остануваат само деловниците за работа во кои точно е објаснето кој е нивниот начин на работа односно како тие функционираат.

Правилникот за управување со фонд за взаемна помош, е акт со кој е утврдена постапката на кој начин се управува со овој фонд, конкретно во член 4 е дефинирана Собраниската одлука во однос на наменската сметка, износот од 300 денари од уплатена чланарина и дека средствата се користат исклучиво со врзани потписи. Исто така се определува обврска за редовно плаќање на чланарини, се определува и што подразбира редовност на плаќање на членарина , износите за висината на средствата кои се пружаат како

финансиска помош, документити потребни во прилог, рок за документи, рок за одлука, значи всушност целата постапка.

На ова се надоврза д-р Денковски кој побара објаснување од правничката што значи всушност редовно плаќање членарина, а правничката објасни дека се мисли на тековната година. Ова е од голема важност затоа што има доста колеги кои не плаќаат со години членарини, туку кога ќе дојдат да си подигнат лиценца, тогаш одеднаш ги плаќаат сите членарини, така да во овој дел од Правилникот треба да се нагласи дека ако редовно плаќање е тековната година, тогаш тој дел треба да се прецизира, согласно Статут.

Збор зема и д-р Весна Чемерска, која смета дека можеби треба на соодветно место да се прецизира што точно значи плаќање редовна членарина, бидејќи во Статут пишува само годишна членарина, во однос на тоа дали се мисли до крајот на годината, за претходната год и сл.

Во однос на висината на сумата за починат член на СКМ, се надоврза д-р Коста Изов кој смета дека моментално сумата од 20.000 денари што стои во Правилникот е навистина мала, сепак станува збор за смрт, и иако е еднократно бар би требало да стои вредност од 30.000 денари, на што се сложија и останатите членови од Извршниот одбор и таа измена да се направи во Правилникот, додека пак за останатите случаи на болест, рехабилитација и сл вредноста да биде до 25.000 ден.

Исто така д-р Весна Чемерска во однос на член 2 од Правилникот за фонд за взаемна помош истакна дека смета дека треба да се надополни вториот став, кој се однесува на тоа дека средствата од фондот се наменети за членовите на СКМ, би требало да се надополни и членовите на фамилиите на членовите на СКМ, со што предлогот беше прифатен од целиот состав на ИО на СКМ. Исто така во член 3, по основ на донациите истите не се дефинирани како што се дефинирани членарини износ од 300 денари, на што д-р Денковски објасни дека не можат да се дефинираат, затоа што е донација и не може да се знае однапред сумата, а се подразбира значењето на зборот.

Д-р Чемерска побара објаснување на член 5 кој се однесува на вкупниот очекуван износ на средствата кои ќе бидат уплатени во овој фонд е составен дел на годишниот финансиски план на СКМ, на што одговор даде д-р Денковски кој објасни дека секоја година Собранието на Комората усвојува финансов план за следната година, каде се наведува предвидливата сума за наредната година што значи дека сега согласно одлуката за формирање на солидарен фонд со по 300 денари од секој членарина можно е да се дојде до предвидливиот износ согледувајќи колку членарини просечно има за на пр.предходни 2-3 години.

По ова се отвори расправа што ќе стане со тие пари кои за неколку години ќе станат значителна сума , по што Др Денковски истакна дека и за тоа ќе мора ИО на СКМ да размислува и да носи одлуки во иднина , поблиска или подалека бидејќи во овој случај и нема горен лимит на фондот.

По дискусијата, предлог Правилникот за управување со фонд за взаемна помош со забелешките во однос на истиот се стави на гласање и едногласно беше усвоен.

Понатаму, правничката даде објаснување во однос и на Правилникот за утврдување на повредите на Статутот и другите акти на СКМ, која објасни дека постапката ја покренува и води како што кажа и претходно Комисијата за статутарни и правни прашања и истата започнува со поднесување на барање во кое задолжително треба да има опис на повредата, докази и потпис на подносителот на барањето, во однос на кое пак како и за сите барања кои се предвидени да се поднесат, оставен е рок од 15 (петнаесет) дена да се надополни барањето доколку нешто недостасува по мислење на Комисијата.На страната кон која има сомнеж дека сторила повреда на Статут или др акт и се остава задолжитена можност да даде свој исказ и мислење во текот на постапката. Правилникот и определува можност на Комисијата доколку е потребно да направи увид во целокупната документација и да ја побара од стручната служба на СКМ. Истотака доколку во текот на постапката се јави потреба од ангажирањее на експерти од различни области или стручни лица, Комисијата може да ги ангажира истите, а од ИО на СКМ да побара средства за тоа. Правничката објасни и за роковите за носење одлука и рокот за поднесување жалба и во однос на тоа кажа дека роковите се земани согласно Законот за општа управна постапка како рок кој и дава и определува доволно време на Комисијата да постапи по предметот.

По ова, претседателот на ИО на СКМ , д-р Мирлинд Селими го стави и овој предлог Правилник на гласање и истиот се усвои.

Инаку д-р Денковски објасни дека на оваа седница овие акти се разгледуваат и гласаат,а конечно ќе се носат и усвојат на следната Собраниска седница која во договоро со председателот на Собрание ќе биде закажана за 24.10.2018 година.

Понатаму, во однос на деловниците за работа на Комисиите на СКМ, претседателот на Комората д-р Денковски објасни дека тие деловници сите се веќе еднаш поминати на Извршен одбор од претходно, од претходниот состав на ИО и фактичката состојба во однос на нив е дека тие тогаш поминале на Извршен одбор, но никогаш не поминале на Собрание на СКМ. Затоа и сега деловниците повторно се враќаат на Извршен одбор за уште еднаш да се објасни процедурата кај нив и правничката на СКМ да објасни дали и кои корекции се направени кај деловниците наменети за работа на Комисиите.

Правничката наведе дека сите деловници се поеднечно прегледани на седниците со комисија за статутарни и правни прашања и сите се усогласени со Стаутот на СКМ, а содржината на сите деловници е воглавно иста, затоа што секој деловник го определува начинот на кој што треба една Комисија на СКМ да работи, почнувајќи од тоа како се бираат членовите на Комисиите, со тоа што корекции се направени во однос на бројката за составот на Комисиите поединечно, тука имало некои мали грешки и истите се исправени, понатаму во секој од нив е објаснето како се бираат претседател и заменик на претседател, дека сите комисии работат на седници, начин на свикување на седниците и нивниот тек на одржување, кворум за работа, потребно мнозинство за носење одлуки, водење записник негово потпишување, право на оставка и сите деловници завршуваат со преодни и завршни одредби.

Во однос на содржината на деловниците, повторно збор зема д-р Весна Чемерска која кажа дека има генерално две забелешки за сите деловници. Едната забелешка е во смисла на рокот за свикување за седници, кој е во ред да стои дека е 5 дена пред денот на одржување на седницата, затоа што не се сите колеги од Скопје, треба да си го планираат времето однапред,

и поради закажување на пациенти и сл, тој рок е сосема доволен да е 5 дена, а материјалите да се достават по емаил на комисијата најдоцна до 3 дена пред седницата, на што сите членови на ИО на СКМ едногласно се сложија и тоа ќе биде преправено кај секој деловник поединечно. И втората забелешка на д-р Чемерска беше во однос на право на дискусија по секоја точка од дневен ред, таа сметаше дека треба да се ограничи тоа право на најмногу 10 минути да може еден член да земе збор по однос на една точка. Во однос на овој предлог се отвори мала дискусија каде што некои членои на ИО сметаа дека 10 минути е сепак многу време за зборење по една точка, но сепак повеќето членови го подржаа предлогот на д-р Чемерска и забелешка се даде и тоа да се вметне како посебен став во секој деловник за работа на Комисиите.

По анализата на деловниците, како и забелешките и измените кои се дискутираа во однос на нив, д-р Селими предложи сите предлог деловници да се усвојат во група , а не подинечно по што истите беа едногласно усвоени и да се продолжи процедурата и за нивно усвојување на седницата на собрание на СКМ.

По однос на ова Извршниот одбор едногласно ја донесе **Одлука за усвојување на предлог правилници и предлог деловници кои ќе се достават до предсдател на Собрание и ќе се разгледуваат на прва наредна седница на Собрание на СКМ**

Д-р Денковски истакна дека треба што побрзо да се направи предлог-деловник за работа на регионален одбор, на што д-р Чемерска одговори дека ќе искомуницира со правничката на Комората и со Комисијата за Статутарни и правни прашања за да се започне со неговата изработка.

По ова, се премина на четвртата точка од дневниот ред, предлог измена на Стаутот , член 78 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија. Откако го прочита членот, 78 од Статуот ,, Сите членови на Комората кои се избрани во органите на Комората се должни да пополнат образец и да го достават до Комисијата за верификување на факти, со што би се отстранил сомнежот за влијание на одредени служби, структури во системот односно тие членови би останал само како стручњаци во органите на Комoрат, за што би потпишале посебна изјава,, , правничката даде објаснување зашто на седницата се предлага да се избрише тој член од Статутот. Имено, мандатот на Комисијата за верификација на факти позната како Комисија за лустрација е завршен негде во период на месец Август 2017 година, а таа Комисија донесена врз основа на Законот за определување на услов за ограничување на вршење на јавна функција, пристап до документи и соработка со органите на државната безбедност кој закон е вон сила, што во превод значи дека овој член од Статуот на СКМ повеќе нема никаква функција. Членовите на Извршниот одбор по оваа информација заклучија едногласно дека нема потреба од повеќе дискусија во однос на оваа точка од дневниот ред и членот 78 од Статуот на СКМ треба да биде избришан.

По однос на ова Извршниот одбор едногласно **донесе Одлука за предлог до Собранието на Стоматолошката комора на Македонија за бришење на член 78 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија.**

Под точка разно, збор првично зема претседателот на СКМ, д-р Маријан Денковски. Тој објасни дека од 22.06.2016 година постои Одлука за преадаптирање на деловен простор, посебна просторија за полагање, набавка на посебен софтвер и набавка на стоматолошки стол. Во однос на сето ова, кажа дека сега сето тоа е завршено, стоматолошки стол со рефлектор кој е купен од фирмата Борден е во план да се монтира другата среда и конечно Комората има простор за полагање на испити со симулациски центар во функција согласно ЗЗЗ.

Д-р Денковски објасни и дека во последните сесии кои се одржаа во просториите на Стоматолошката комора на Македонија, имаше повеќе кандидати на кои на време им беше јавено за термините за полагање, со напомена доколку истите не бидат во можност да дојдат на денот на полагање да ја известат стручната служба на Комората за да се има увид, но дел од нив тоа не го направија. Поради таа причина имаше ситуации да комплетни испитни комисии се појавуваа на испитниот ден , а кандидатите неоправдано и ненајавено ги немаше. По однос на ова, факт е дека досега не постоел никаков начин за санкционирање, па затоа се појави потребата да се најде начин да се стави ова во ред, во смисла да кандидатите можното недоаѓање на испит задолжително мора да го пријават во писмена форма

На седницата се дискутираше по однос на оваа точка со што членовите на ИО на СКМ имаа ист став дека треба да се превземат мерки во смисла кога еден кандидат кој се има пријавено за стручен испит, неоправдано ќе отсуствува од денот на полагање, односно нема да го пријави своето отсуство и тоа во писмена форма, ќе се смета како да не положил и за следната сесија би бил должен да плати износ како што плаќаат оние кандидати што полагале ,но не положиле успешно некој дел од стручниот испит.

По однос на ова Извршниот одбор едногласно донесе **Одлука за протокол по кој ќе се постапува кај оние пријавени кандидати за полагање на стручен испит за конкретна испитна сесија кои од страна на Стручна служба уредно добиле термини за полагање на испитот и без претходна писмена најава за отсуство и не дошле на полагање на стручен испит.**

Истотака, д-р Денковски објасни дека периодов правничката на Комората е при крај со изготвување на протоколите на прием на документи по однос на сите барања кои се доставуваат во Комората без разлика на што се однесуваат . Секој доктор кој ќе дојде да поднесе барање ќе пополни и формулар за предавање /прием на документи, во кој точно е наведено која документација ја доставил, треба дополнително да ја достави во прилог кон барањето, во кој рок, на што се однесува тоа барање, лични податоци, телефонски броеви и е-маил адреси. Тоју истакна дека со тоа се прави истовремено и сигурна проверка, но и се менува квалитативно услугата на службата .

Понатаму, д-р Денковски ги извести членовите на Извршниот одбор дека периодот се утврдија неправилности во однос на архивското работење. Во однос на ова, збор зема правничката која објасни дека во СКМ стигна допис од Управна инспекција за најавен инспекциски контролен надзор во однос на архивското работење кој надзор до крајот на месец Октомври ќе биде реализиран од страна на управните инспектори, а веќе еднаш бил реализиран летото во 2017 година. Правничката смета дека постојат неправилности, во однос на тоа како се пополнувале досега колоните во Деловодникот на Комората, особено тоа што

истиот го воделе повеќе вработени што не е согласно со закон. Секако апсолутно се исклучува вината кај стручната служба затоа што по разговорот со нив е констатирано дека вработените кои го воделе Деловодникот никогаш досега немале стручна обука во однос на тоа, а истата им е особено потребна затоа што Деловодникот и врзувањето на документите едни со други во него е екстремно комплексна работа за која треба да оние кои ќе бидат овластени како лица да го работат тоа, поминат обука и знаат точно како се води архивско-канцелариско работење во однос на прием на упис на документи.

На оваа тема, се надоврза д-р Денковски кој им објасни на членовите на ИО на СКМ, дека поради подигање на квалитетот , но и одговорноста на Стручна служба предлага таа да функционира во три сектора, односно правен сектор во кој ќе бидат Секретарот на Комората Јасминка М.Јанева и правникот на комората Ана Бошковиќ, понатаму економски сектор кој ќе го води Ана Чаушевска, и третиот сектор ќе биде сектор Архива и Регистар предводени од Александар Маркозанов со Арта Садику , но и Флорентина Кајоли кој од понеделникот повторно стапи на работно место после породилното отсуство. Извршниот одбор, по што ИО донесе **Одлука за распределување на вработените во Стручната служба во сектори и тоа правен , економско финасиски и сектор за архива и регистер.**

Со оглед на оваа поделба на сектори, бидејќи архивата досега ја водела Ана Чаушевска, а одсега она ќе го води само економскиот сектор, се јави потребата од овластување лица за архивското работење со што д-р Денковски објасни дека со негова одлука како претседател на Комората за архивското работење и прием и упис документи во Деловодникот, се овластува Александар Маркозанов, а во истото ќе помага и во случај на негово отсуство Флорентина Кајоли , како замена, со што они двајца ќе бидат испратени на обука за архивско и канцелариско работење за во иднина да не се случуваат грешки при работењето и уписот на документи.

Понатаму, по однос на точка разно д-р Денковски извести дека во 2017 година се правеше ревизија, со што би било убаво Извршниот одбор се произнесе, на барање на претседателот на СКМ да склучи договор за дело со лице во однос на контрола, даночен косалтинг и препораки за правилна интерпетација на важечките законски одредби во сферата на сметководственото работење на Стоматолошката комора на Македонија за 2018 година како и и консултации при изготвувањето на завршната сметка за 2018 година, што содржи препораки при изготвување на завршна сметка и пресметка на данок на добивка и тоа да стане всушност пракса секоја година да се изготви ревизија во однос на работењето.

Предлогот на д-р Денковски доби целосно поддршка од сите присутни членови, со што Извршниот одбор на својата седница одржана на ден 17.10.2018 година донесе **Одлука за ангажирање на лице овластено за на контрола, даночен косалтинг и препораки за правилна интерпетација на важечките законски одредби во сферата на сметководственото работење на Стоматолошката комора на Македонија за 2018 година како и и консултации при изготвувањето на завршната сметка за 2018 година, што содржи препораки при изготвување на завршна сметка и пресметка на данок на добивка.**

Д-р Денковски во продолжение даде информација во однос на состанокот со Деканите на стоматолошките факултети, деканот на Стоматолошки факултет Скопје, проф Ќиро Ивановски, од Штип одговорниот за стоматологија проф.Ивона Ковачевска , а од Тетово доц.

д-р Кенан Ферати кој присуствуваш како представник на Коморатa , но поради тоа што доцент Јетмире Јакупи не дојде, а не го ни најави своето отсуство Доц.Ферати се вклучи во дискусијата и помогна во информирање за бараните состојби на тетовскиот факултет. На состанокот се дискутираше за конкурсот за најдобар студент за наградата при што Др Денковски истакнал дека е појасбето дека конрсот е за најдобрите во 2017 година и дека оние кои немаат положено државен испит ќе се ослободат од плаќање за него , додека оние кои веќе полагале и платиле ќе им се рефундираат средствата. Понатаму се разговараше и за , за дополнувањето на испитната база за полагање, ревидирање на испитните бази од самите факултети на што иститe и се нафатија и би требало да се има информација до крај на месецот во однос на тоа, а се дискутираше и во однос на завзмањето став по однос на хиперпродукцијата на кадри во делот на стоматологијата за прв и втор циклус на студии. Тука деканот Ивановски од Стоматолошки факултет Скопје истакна дека деканската управа кај нив донеле , како што тој истакна „условена„ согласност за намалување на бројот на запишани студенти за 25% , но само доколку и останатите факултети ја прифатат таа бројка. Состаноците продолжуваат со факултетите, на месечно ниво сигурно барем еднаш, секако ако има потреба и повеќе пати со цел за се што е потребно да се разговара и да се изнаоѓаат заеднички решенија.

Д-р Денковски во продолжение ги извести членовите на ИО во однос на Законот за здравствена заштита, односно за состаноците на работната група што два пати неделно иде во Министерството и дискутира за измените, при што тој и Јасминка Јанева се членови на работната група, и во моментов се реализира договорот на трите комори да делот за коморско работење се прескокнува до моментот додека коморите првин помеѓу себе , апотоа и со министерот за здравство не дојдат до поволни и од коморите побарани решенија за кои сите се залагаат и затоа што некои работи излегуваат надвор од она што ние всушност го баравме.

Истотака, д-р Денковски извести за обврската за токени и електронски сертификати кои ќе се задолжителни во секоја ПЗУ.Тој кажа дека единствени овластени се КИБС и Телеком и го објасни целиот процес,по што по кратка дискусија ИО донесе заклучок да се почне со процес на прибирање на понуди од нив со цел да се дојде до најповолна /групна понуди кон Коморатa за кои смета дека треба да се најмалку 20-25% пониски од моменталните кои се нудат,по што ИО ќе склучи договри ќе ја утврди ценатa кон членовите..

Истотака, д-р Денковски објасни дека од НО на СКМ има известување дека за утрешниот ден е закажана седница на Надзорен одбор на СКМ, за да се заклучи всушност една ситуација која во изминатиот период се се створи поради поднесени барања од некои регионални одбори , по што исто така истакна дека за сите поставени прашања службата прибира документи и на следното Собрание тој ќе даде одговор за сите прашања.

Околу меѓународната активност на Коморатa, д-р Денковски истакна дека во нареден период треба да дојдат делагациите на Хрватската, Словенечката и Босанската комора односно од 23-25 Ноември оваа година, од Хрватската комора е потврдено доаѓање на четворочлена делегација, од Словенечката комора двочлена делегација и од Босанскатта комора трочлена. Од наша страна како што е вообичаена пракса, трошоците за хотелско сместување ги покриваме за претседателот на коморатa или негов заменик додеки Коморите си ги покриваат

покриваат хотелските трошоци за останатите , и веќе за нив имаме и резервирано во хотел Стоун Бриџ каде што ќе се одвиваат и сите средби и состаноци.

Исто така, се разговараше и за пристигнатата покана на Германската комора на 08-11 Ноември 2018 година за билатерална средба во Франкфурт и на германските денови на стоматологија , што е една голема чест и што е од особена важност за СКМ, , но и исто така за покана која пристигна од страна на од Европскиот социјално-еконoски комитет, од Категорија за либерални професии под покровителство на Европскиот парламент на ЕУ на средба на четвртата едукација на Денови на либерални професии во Брисел, Белгија, како и покана од гермнската федерална комора за заеднички состанок со председателот на австриската Комора . По дискусија за оваа меѓународна активност Извршниот Одбор на СКМ донесе **Одлука за присуство на двата настана на делегација на СКМ .**

Претседателот на СКМ , д-р Денковски исто така објасни дека е во план некаде во февруари 2019 година, да се поканат повеќе комори во Македонија на вториот политички состанок помеѓу македонската ,германската , бугарската и хрватската комора , но дека треба да се направи усогласеност во однос на терминот.

Д-р Кенан Ферати додаде дека убаво би било да може К4 да се прошири во иднина да се вклучат и останатите комори од регионот.

На крајот на седницата, д-р Чемерска праша за изјавата на согласност, на што д-р Денковски објасни дека Изјавата е веќе ревидирана од страна на Комисијата за стручеен надзор и истата е веќе објавена на новата веб страна како з документ кој секој доктор ќе може да го превземе и да го користи.

По исцрпување на дневниот ред состанокот на ИО на СКМ во 14.45 часот заврши .

**Записничар:**
Дипл.правник
Ана Бошковиќ

**Претседател на ИО на СКМ**
Д-р Мирлинд Селими